ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Процедура за суспендирање и повлекување на акредитацијата

Suspension and withdrawal of the accreditation

ПР 10-01

Содржина

1 . ЦЕЛ
2 . ПРИЧИНИ ЗА СУСПЕНДИРАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈАТА
2.1 Суспендирање на акредитацијата
2.1.1 Суспендирање на акредитацијата од страна на ИАРСМ
2.1.2 Суспендирање на акредитацијата на барање на акредитираото тело
2.1.3 Суспендирање на акредитацијата во случај на неисполнување на обврските на акредитираното тело кон ИАРСМ
2.2 Повлекување на акредитацијата
2.2.1 Повлекување на акредитацијата од страна на ИАРСМ
2.2.2 Повлекување на акредитацијата на барање на акредитираното тело
2.3 Скратување на опсегот на акредитација
3. ОБВРСКИ НА АКРЕДИТИРАНИ СЕРТИФИКАЦИОНИ ТЕЛА КОИ СЕ ВО СУСПЕНЗИЈА ИЛИ ЧИЈА АКРЕДИТАЦИЈА Е ПОВЛЕЧЕНА ВО ВРСКА СО СТАТУСОТ НА ИЗДАДЕНИТЕ СЕРТИФИКАТИ (ДОКУМЕНТИ)

1. ЦЕЛ

Целта на оваа процедура, издадена од страна на директорот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ИАРСМ) врз основа на член 23 од Статутот на ИАРСМ е да ги дефинира активностите во случај на суспендирање и повлекување на акредитацијата.

2. ПРИЧИНИ И ПОСТАПКА ЗА СУСПЕНДИРАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈАТА

Директорот на ИАРСМ, донесува одлука за суспендирање или повлекување на акредитацијата на образец ОБ 05-13-1, ако се утврдило дека акредитираното тело постојано не ги исполнува барањата за акредитација, не ги почитува правилата за акредитација и сериозно ги прекршува своите обврски определени во договорот за акредитација.
Суспендирањето, повлекувањето или скратувањето на акредитацијата се врши на тој начин што членовите на тимот за оцена, водечкиот оценувач или координаторот на предметот (во исклучителни ситуации наведени подолу) и комисијата за акредитација, ги пополнуваат обрасците ОБ 05-17 и ОБ 05-17-1 соодветно со кои даваат препораки до директорот за суспендирање, повлекување или скратување на акредитацијата. Конечната одлука ја носи директорот.
По исклучок, кога суспендирањето или повлекувањето на акредитацијата се изрекува поради неисполнување на финансиски обврски на телото спрема ИАРСМ, директорот на ИАРСМ директно донесува одлука за суспензија или повлекување на акредитацијата.

2.1 Суспендирање на акредитацијата

Суспензијата е привремено повлекување на акредитацијата, чие времетраење не може да биде подолго од шест месеци без оглед на причините и основата за нејзино изрекување.

2.1.1 Суспендирање на акредитацијата од страна на ИАРСМ

Директорот на ИАРСМ донесува одлука за суспензија на акредитацијата за целиот опсег или за дел од него, доколку телото не ги отстрани несообразностите во дадениот рок (дефиниран во процедурата ПР 05-06 Градација на несообразностите).
За донесената одлука за суспендирање на акредитацијата за целиот опсег, ИАРСМ го известува акредитираното тело за суспензијата и истовремено, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРСМ, покрај името на суспендираното акредитирано тело, се објавува суспензијата и датумот на суспендирање на акредитацијата и се оневозможува пристапот до прилогот на сертификатот. Во тој период акредитираното тело не смее да го употребува знакот за акредитација или на кој било друг начин да се повикува на акредитацијата.
Во случај на делумно суспендирање на акредитацијата, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРСМ (во Прилогот кон сертификатот на

акредитираното тело), суспендираната метода се обележува со црвена боја и под неа се впишува „Суспендирана“ и се внесува и датумот на суспензија.
Ако суспендираното акредитирано тело во определениот рок, ги отстрани причините за суспендирање, ИАРСМ ја воспоставува првобитната состојба.

2.1.2 Суспендирање на акредитацијата на барање на акредитираното тело

Акредитираното тело има право да бара суспендирање на акредитацијата, кога самото ќе утврди дека не ги исполнува барањата за акредитација или поради други причини. Притоа, тоа е должно писмено од ИАРСМ да побара суспендирање на акредитацијата . Во случај на суспендирање на акредитацијата по барање на акредитираното тело, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРСМ, се објавува суспензијата и датумот на суспендирање на акредитацијата, со назнака дека е по барање на акредитираното тело.

2.1.3 Суспендирање на акредитацијата во случај на неисполнување на обврските на акредитираното тело кон ИАРСМ

До суспендирање на акредитацијата доаѓа и во случаи кога акредитираното тело не ги исполнува обврските кои се дефинирани со договорот (не известува за промените кои се поврзани со околностите кои може да влијаат на неговата оспособеност, како што се промените на правниот, деловниот или организацискиот статус на акредитираното тело, раководењето, клучните раководни лица, не почитување на плановите за транзиција при промена на барањата за акредитација и сл).
До суспендирање на акредитацијата доаѓа и во случај кога корисникот на услугата не ги исполнува финансиските или други општи обврски поврзани со процедурата за акредитација, кои сами по себе не значат несообразност во однос на стандардот.
Кога ИАРСМ ќе утврди дека акредитираното тело не го известува за промените кои се дефинирани со договорот и тоа се повторува, или не ги исполнува останатите обврски дефинирани со договорот, со што ИАРСМ ја губи довербата во работата на акредитираното тело, на препорака на водечкиот оценувач и комисијата за акредитација, директорот донесува одлука за суспендирање на акредитацијата.
Во случај на неисполнување на финансиските обврски се преземаат следниве активности: Во рок од еден месец од неисполнување на финансиските обврски од договорот, раководното или одговорното лице за финансиско работење на ИАРСМ по телефон го известува и написмено го опоменува акредитираното тело. Во рок од два месеца по неисполнување на обврските од договорот од страна на корисникот на услугата следува втора писмена опомена. Во случај на неисполнување на финансиските обврски од страна на телото спрема ИАРСМ и по истекот на 3 (три) месеци од истекот на рокот за плаќање на фактурата, директорот донесува одлука за суспендирање на акредитацијата.
Ако акредитираното тело ги отстрани причините за суспендирање од финансиски аспект, т.е. ги исполни обврските во определениот рок, директорот донесува одлука за враќање во првобитна состојба.

2.2 Повлекување на акредитацијата

ИАРСМ може да ја повлече акредитацијата и со тоа да го раскине договорот за акредитација.
По повлекувањето на акредитацијата, телото на кое му била повлечена акредитацијата, повторно може да поднесе пријава за акредитација, доколку истекле најмалку шест месеци од датумот на повлекувањето. Пријавата во овој случај се обработува по вообичаена процедура како нова пријава.

2.2.1 Повлекување на акредитацијата од страна на ИАРСМ

Доколку по истекот на определениот рок не се отстранети причините за суспендирање, директорот донесува одлука за повлекување на акредитацијата. ИАРСМ за одлуката го известува акредитираното тело и истовремено го отстранува од регистарот на акредитирани тела и информацијата за статусот на повлекување на акредитацијата ја објавува на интернет страницата. Од корисникот на услугата се бара во рок од 8 дена да ги врати сите важечки сертификати за акредитација.

Директорот на ИАРСМ може моментално да ја повлече акредитацијата, кога постојат докази дека акредитираното тело не ги исполнува барањата на стандардот и кога постои голема веројатност дека резултатите и одлуките на акредитираното тело не се точни, со што ИАРСМ ја губи довербата во понатамошната работа на акредитираното тело. Одлука за моментално повлекување на акредитацијата се донесува врз основа на препорака на тимот за оценување и комисијата за акредитација, кога на различни начини кои не се поврзани со оценувачките активности, ќе се утврди поголемо отстапување од барањата за акредитација, кои се поврзани со :

- правниот, деловниот или организациониот статус на акредитираното тело
- политиката и процедурите
- овластените потписници
- персоналот, опремата, способноста и др.
- има докази за измамничко однесување, дека телото за оцена на сообразноста намерно дава лажни информации или ако телото за оцена на сообразноста крие информации.

По донесената одлука за повлекување на акредитацијата, ИАРСМ го известува акредитираното тело и истовремено го отстранува од регистарот на акредитирани тела и информацијата за статусот на повлекување на акредитацијата ја објавува на интернет страната.
Од телото на кое му била повлечена акредитацијата се бара, во рок од 8 дена да ги врати сите важечки сертификати за акредитација.

2.2.2 Повлекување на акредитацијата на барање на акредитираното тело

Акредитираното тело има право да бара да му се повлече акредитацијата и барањето мора да го достави во писмена форма. Директорот донесува одлука за повлекување на акредитацијата врз основа на препорака на водечкиот оценувач и комисијата за акредитација. Во ситуации кога координаторот на предметот ги има потребните сознанија, директорот може да донесе одлука за повлекување на акредитацијата и врз основа на препорака на координаторот на предметот и комисијата за акредитација.

2.3 Скратување на опсегот на акредитацијата

Опсегот на акредитација на акредитираното тело се скратува поради неотстранување на причините за суспендирање на акредитацијата за дел од опсегот на акредитација или доколку акредитираното тело не демонстрира компетентност во одреден дел од акредитираниот опсег во тек на две последователни оценувања. По исклучок, врз основа на проценка на оценувачкиот тим, доколку ТОС може на друг начин да докаже компетентност на пр. симулација на изведба на метода, инспекциска/сертификациска активност, учество во ТО/МЛС/ЕОК тогаш, скратувањето на опсегот може да се пролонгира до крајот на тековниот циклус на акредитација.

Опсегот на акредитација на акредитираното тело може да се скрати и по барање на акредитираното тело.

По скратувањето на дел од опсегот на акредитацијата, акредитираното тело може повторно да поднесе пријава за проширување за истиот дел од опсегот на акредитација, најрано по истек на шест месеци од датумот на скратувањето на делот од опсегот. Пријавата во овој случај се обработува по вообичаена процедура, како пријава за проширување на опсегот на акредитација.

3. ОБВРСКИ НА АКРЕДИТИРАНИ СЕРТИФИКАЦИОНИ ТЕЛА КОИ СЕ ВО СУСПЕНЗИЈА ИЛИ ЧИЈА АКРЕДИТАЦИЈА Е ПОВЛЕЧЕНА ВО ВРСКА СО СТАТУСОТ НА ИЗДАДЕНИТЕ СЕРТИФИКАТИ (ДОКУМЕНТИ)

Кога акредитацијата е суспендирана или повлечена, организацијата повеќе не може да обезбедува акредитирани услуги и мора да ги информира своите постоечки и потенцијални клиенти за овој статус како и за статусот на сертификатите кои се издадени пред суспензијата или повлекувањето на акредитацијата.

Секое акредитирано сертификационо тело на кое акредитацијата му е суспендирана или повлечена, во својот менаџмент систем мора да има јасна политика со која обезбедува препознатливост на статусот на сертификатите кои ги издава за време на важноста на сертификатот за акредитација.

Оваа политика треба да ги вклучува и оние случаи кога акредитираното тело престанува со работа а на пазарот и понатаму постојат сертификати кои произлегле од неговите акредитирани активности.

Политиката може да вклучува и обезбедување на пренос на издадени документи и сертификати на друго акредитирано тело.

Сертификатите издадени за време на суспензијата или по повлекувањето на акредитацијата немаат статус на акредитирани сертификати.

Постоечките издадени сертификати и извештаи ќе останат важечки бидејќи се издадени пред одлуката на ИАРСМ за санкционирање (суспензија или повлекување) освен ако не се покаже дека се погрешно издадени. Во овој случај, сертификационото тело ќе контактира со засегнатите клиенти за да го повлече сертификатот или извештајот.

Сертификатите со одреден рок на важност, важечки се до истекот на датумот на важност, без разлика на промените во акредитираниот статус на сертификационото тело кое ги издало.

Сертификатите со одреден рок на важност кои опфаќаат периодични проверки/надзори, важечки се до првиот следен надзорен термин кој е предвиден од

страна на сертификационото тело на кое акредитацијата му е суспендирана или повлечена.
Сертификатите кои се преземени од страна на акредитирано сертификационо тело се важечки врз основа на условите под кои работи акредитираното тело кое ги преземало.